Врз основа на член 427 став (1) и член 438 алинеја 9), а во врска со член 214 став (5) од Законот за финансиски инструменти („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 66/2024), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 29.10.2024 година донесе

**ПРАВИЛНИК[1]**
**за содржината на тарифникот на пазарниот оператор**

**Член 1**

(1) Со Правилникот за содржината на тарифникот на пазарниот оператор (во понатамошниот текст: Правилник) подетално се утврдува содржината на тарифникот на пазарниот оператор.
(2) Овој Правилник соодветно се однесува и за оператор на МПТ и ОПТ.

**Член 2**

Пазарниот оператор е должен да донесе тарифник согласно член 193 став (1) од Законот за финансиски инструменти (во понатамошниот текст: Законот).

**Правични и недискриминаторски надоместоци**
**Член 3**

(1) Пазарниот оператор наплаќа ист надоместок и обезбедува еднакви услови за сите корисници на ист тип на услуга врз основа на објективни критериуми.
(2) Пазарниот оператор воспоставува различни структури на надоместоци за исти видови услуги само доколку тие структури на надоместоци се засноваат на недискриминаторски, мерливи и објективни критериуми кои се однесуваат на:
а) вкупен обем на тргување, број на трансакции, односно кумулирани надоместоци за тргување;
б) услуги или пакет на услуги кои ги врши пазарниот оператор;
(в) обемот или областа на употреба на надоместокот кој се пропишува;
(г) обезбедување ликвидност во согласност со член 189 ставови (1) и (2) од Законот.
(3) Пазарниот оператор обезбедува дека неговата структура на надоместоци е доволно детална за да им овозможи на корисниците да ги предвидат надоместоците кои ќе биде потребно да ги платат врз основа на следните елементи:
(а) услуги за кои се наплатува надоместок, вклучувајќи и активност поради која се наплаќа надоместокот;
(б) надоместоци за секоја услуга, со напомена дали надоместокот е фиксен или променлив;
(в) попусти, стимулации и нестимулативни мерки.
(4) Пазарниот оператор е должен да овозможи пристап до поединечните услуги без поврзување со други услуги.

[1] Со овој Правилник се врши усогласување со Делегираната уредба 2017/573 на Комисијата од 6 јуни 2016 година за дополнување на Директивата 2014/65/ЕУ за пазарите на финансиски инструменти во поглед на регулаторните технички стандарди за барањата за обезбедување фер и недискриминаторски услуги за колокација и структури на надоместоци

**Транспарентност на структурата на надоместоци**
**Член 4**

Пазарниот оператор пред носење на тарифникот и секоја негова измена ги објавува објективните критериуми за утврдување на надоместоците и структурата на надоместоци и другите услови од член 3 од овој Правилник, вклучувајќи надоместоци за извршување, надоместоци за помошни услуги, попусти, стимулации и нестимулативни мерки во еден сеопфатен и јавно достапен документ на неговата интернет страна.

**Видови на забранети надоместоци**
**Член 5**

Пазарниот оператор не смее да им понуди структура на надоместоци на своите членки или клиенти во рамките на која на сите нивни трансакции, по надминувањето на определен праг, се применува понизок надоместок за одреден период, вклучувајќи ги и трансакциите кои се извршени пред достигнувањето на тој праг.

**Завршни одредби**

**Член 6**

Овој Правилник влегува во сила 8 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применува со денот на почеток на примена на Законот за финансиски инструменти.

**Број 01-692/1**

**Скопје, 29.10.2024 година**

**Комисија за хартии од вредност на Република Северна Македонија**
**Претседател**
**Mr.Sc. Nora Aliti**

KHV na RSM Digitally signed by KHV na RSM
Date: 2024.10.29 11:38:12 +01'00'

Nora Aliti Digitally signed by Nora Aliti
Date: 2024.10.29 11:37:45 +01'00'